АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *ПРИРАЧНИК*

## *За постапка за изградба на електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија*

## *ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ*



Скопје, 2013

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *ПРИРАЧНИК*

## *За постапка за изградба на електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија*

## *ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ*

Агенцијата за енергетика на Република Македонија, реши да го издаде овој прирачник со цел запознавање на заинтересираните домашни и странски инвеститори во спроведувањето на проекти од обласа на обновливите извори на енергија со законите и нормативите кои функционираат во нашата држава.

Наша желба е со овој прирачник да се прикаже постапката за начинот на стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Овој прирачник служи како насока за идниот инвеститор кој е потребно да прибави одредена документација за поведување и завршување на постапката.

Со почит,

СОДРЖИНА

**Вовед**.....................................................................................................1
1. Цели на информирање и поддршка
2. Институции задолжени за спроведување на постапка
**Прва фаза**.........................................................................................3-14
1. Дозволи за мерења
2. Инвеститор - овластување за изградба на ветерна електрана
3. Решавање на имотно – правни односи
4. Согласност за приклучок на дистрибутивниот систем
5. Овластување за изградба на објекти за производство на електрична енергија од ОИЕ со номинална моќност над 1 MW
6. Изготвување на елаборат за влијание врз животната средина
**Втора фаза**.....................................................................................15-16
1. Одобрение за градба
**Трета фаза**......................................................................................17-24
1. Времена лиценца
2. Одобрение за употреба на градба
3. Лиценца за вршење на енергетска дејност
**Четврта фаза**..................................................................................25-32
1. Привремено решение за стекнување на статус за повластен производител
2. Решение за стекнување на статус на повластен производител и постапка за донесување на одлука за користење на повластена тарифа
3. Решение за стекнување на статус на повластен производител и постапка за донесување на одлука за користење на повластена тарифа
**Петта фаза**.......................................................................................33
1. Склучување на договор со операторот на пазарот на електрична енергија
2. Остварување на право на стимулативни мерки
3. Обезбедување на гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори

- ## Вовед

Производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија е дејност од јавен интерес. За таа цел потребно е информирање и поддршка на заинтересираните домашни и странски инвеститори во спроведувањето на проекти од областа на обновливите извори на енергија (една од надлежностите на Агенцијата за енергетика на Република Македонија) и за развој на потребите во енергетиката и можностите за стекнување со статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

## Цели на информирање и поддршка

Активностите за информирање и поддршка за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија се однесуваат на:

- запознавање на пошироката јавност со постапката за изградба на ветерни електрани за производство на електрична енергија во Република Македонија;
- појаснување на улогата на институциите задолжени за спроведување на постапката;
- поттикнување на инвестиции, преку различни стимулативни мерки;
- поддржување на иницијативите, помагање и координирање на проектите на изградба на енергетски објекти.

## Институции задолжени за спроведување на постапка

- Влада на Република Македонија
- Министерство за економија на Р. Македонија
- Министерство за транспорт и врски на Р.Македонија
- Министерство за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија
- Органи на локалната самоуправа на Р. Македонија
- Агенција за енергетика на Република Македонија
- Регулаторна комисија за енергетика на Македонија
- Оператор на дистрибутивен систем на електрична енергија (ЕВН)
- Оператор на пазарот на електрична енергија (МЕПСО)

# Постапка за изградба на ветерни електрани во Република Македонија

*Прва фаза*

## 1. Дозволи за мерења

1.1 **Геодетски елаборат за нумерички податоци**, кај овластена геодетска фирма.

1.2 **Одобрение (согласност) од Агенција за енергетика на Република Македонија**, според чл. 13 и 14 од Правилник за обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија (Сл. Весник на РМ, бр. 113/11).

1.3 **Согласност од Агенција за цивилно воздухопловство** (Правилник за услови за поставување, градба и обележување на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот, објекти и уреди за контрола на летањето, и објекти надвор од зоната на аеродромот кои што можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка на земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во негова непосредна близина, Сл. Весник на РМ, бр.130/07).

1.4 **Согласност од Министерство за транспорт и врски** за поставување на мерна станица (Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење, Сл. Весник на РМ, бр. 147/09).

1.5 **Надзор и контрола на мерењата врши Агенцијата за енергетика на Република Македонија**.

## 2. Инвеститор - овластување за изградба на ветерна електрана

Инвеститорот (домашни и странски лица) поднесува Барање за овластување до Владата на Република Македонија. Барањето за овластување за изградба на нов објект за производство на електрична енергија се објавува во Службен весник на Република Македонија и истото во рок од 8 дена од денот на поднесување се доставува до Министерство за економија.

Кон барањето се доставува документација врз основа на член 52 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ, бр. 16/11 и 136/11). Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за економија, односно советот на општината или советот на град Скопје согласно чл. 55 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ, бр. 16/11 и 136/11), во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето, ќе донесе одлука за издавање или одбивање на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или реконструкција на постојни објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

❖ Согласно чл. 59 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ, бр. 16/11 и 136/11), ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови објекти, а согласно Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, прогнозите за побарувачката на електрична енергија и можностите за обезбедување на овие потреби, се оцени дека е нарушена сигурноста на снабдување на подолг рок, министерството/општината ќе распише јавен

повик за доставување на понуди за изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија.

## 3. Решавање на имотно – правни односи

### 3.1 Земјиште во државна сопственост

Кога земјиштето е во државна сопственост, тоа може да се оттуѓи, да се даде под концесија и под закуп. Градежното земјиште се отуѓува и се дава под закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба согласно чл. 14, чл. 15 и чл.31 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ, бр.17/11 и 53/11); чл. 48 од Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на РМ, бр.135/07, 18/11, 148/11 и 95/12 ) и одредбите 28 став 1, точка 3 и чл. 29 став 2 од Уредбата за начинот на постапката за отуѓување, давање под закуп и висината на посебните трошоци на постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, Сл. Весник на РМ, бр. 79/01, 103/01, 38/02, 51/03, 95/04, 87/05, 47/06, 147/08, 71/09, 146/09, 162/09, 125/10,113/10, 172/10, 39/11 и 40/11 ).

### 3.2 Земјиште во приватна сопственост

Кога земјиштето е во приватна сопственост, инвеститорот и сопственикот на земјиштето меѓусебно ќе се договорат за начинот на користење на земјиштето, имено може да склучат договор за долготраен закуп или договор за купопродажба (Закон за сопственост и други стварни права, Службен весник на Република Македонија 18/01, 92/08, 139/09, 35/10).

## 4. Согласност за приклучок на преносниот или дистрибутивниот систем

Согласност за приклучување на електричната мрежа на ЕВН Македонија е потребна при:

- изградба на нов објект кој се приклучува на електричната мрежа,
- зголемување на одобрената максимална едновремена моќност на корисникот на електричната мрежа,
- промена или реконструкција на приклучокот по барање на корисникот на електричната мрежа,
- промена или реконструкција на приклучокот по барање на корисникот на дистрибутивната мрежа,
- обединување на две или повеќе мерни места во едно пресметковно мерно место, и
- поделба на пресметковното мерно место
- во случаите според чл. 27 од Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија (Сл. Весник на РМ, бр. 87/12).

Барањето за приклучок се поднесува во почетната фаза на намерата за изградба на објектот. Барањето за приклучок се поднесува до операторот на дистрибутивната мрежа, односно ЕВН и тоа со образец БСП-2, кој може да се набави во корисничките енергетски центри на ЕВН Македонија или да се превземе од веб страната на ЕВН.

Во прилог на барањето за согласност за приклучување, барателот е должен да ги достави следните документи:

- одобрение за градба,
- решение за упис во трговскиот регистар,

- извод од катастарскиот план со вцртан објект за постоечки објекти или со вцртана парцела на која ќе се гради објектот,
- доказ за сопственост на објектот кој треба да се приклучи на дистрибутивната мрежа или парцелата каде што објектот треба да биде изграден (имотен или поседовен лист),
- предвидено годишно производство по месеци,
- еднополна шема на електраната,
- вид на заштита на агрегатите и припадните трансформатори,
- основи за пресметка на струите на куси врски на местото на приклучок,
- предвидено време на приклучување на дистрибутивниот систем.

Приклучувањето на објектите на правните и физичките лица на електричната мрежа на ЕВН Македонија се врши врз основа на Решение за согласност за приклучување и Договор за прикличување на дистрибутивна мрежа издадено од страна на ЕВН Македонија.

Лицето кое бара приклучување е должно да ги поднесе трошоците за приклучување утврдени во ценовник донесен од страна на ЕВН. Рокот за издавање на Решение за согласност за приклучување изнесува 15 дена за стандарден приклучок и 40 дена за нестандарден приклучок. По издавањето на решението за согласност за приклучување, лицето кое бара приклучување има право да избере претпријатие од листата на овластени градители на ЕВН кое ќе го изгради приклучокот, а ЕВН е должна на свој трошок да вгради мерен уред.

Во зависност од одобрената едновремена максимална моќност на приклучокот се утврдуваат стандардни и нестардардни приклучоци.

А. Стандарден приклучок е нисконапонски и среднонапонски приклучок при што е исполнет еден од условите:

- објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС), или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и одобрената максимална едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400kW.
- Сите колективни и станбени, деловни и станбено–деловни објекти.

Б. Нестандарден приклучок е нисконапонски или среднонапонски приклучок при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС), или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и одобрената максимална едновремена моќност на приклучокот е поголема од 400kW.

## Проектирање и изведба на надворешниот приклучок

По добивање на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивниот систем, корисникот е должен да склучи договор за проектирање и/ или изведување на надворешен приклучок.

Кога на еден корисник му е издадено правосилно решение за согласност за приклучување преку нестандарден надворешнен приклучок со кој се поврзува еден изолиран корисник, односно нестандардниот надворешниот приклучок ќе се користи исклучиво за превземање на електрична енергија за потребите на корисникот, корисникот има право да избере, приклучокот:

- да го проектира и изведува Дистрибутерот, или
- да го проектира и изведува правно или физичко лице од листата од став 5 на член 44 од Мрежните правила, со средства на корисникот.

Кога на еден корисник му е издадено правосилно решение за согласност за приклучување со нестандарден надворешен приклучок, а Дистрибутерот, утврдил дека е потребно приклучокот да се изгради за повеќе идни корисници, приклучокот ќе го проектира и гради Дистрибутерот, а трошоците за изградба на приклучокот за корисникот се утврдуваат како производ од вкупната вредност на нестандардниот надворешен приклучок и односот помеѓу одобрената едновремена максимална моќност утврдена за корисникот во правосилното решение и вкупната пресметана инсталирана активна моќност на приклучокот.

Корисникот е должен на договорната страна да и ги надомести трошоците за проектирање и/или изведување на нестандардниот надворешен приклучок, пресметани во согласност со Методологијата за начинот на одредување на трошоците за приклучување на дистрибутивниот систем,

која е составен дел од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Трошоците за одделните дејствија во врска со проектирањето и изведувањето на приклучокот кои што согласно Мрежните правила можат да се извршат исклучиво од страна на ЕВН.

## 5. Овластување за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со номинална моќност над 1 MW

Овластувањето го дава Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за економија (чл. 49 до чл. 60 од Закон за енергетика, Сл. Весник на РМ, бр. 16/11).

Во прилог на барањето за областување за изградба на енергетски објект, согласно членот 52 од Законот за енергетика, барателот е должен да достави:

- идеен проект и економска анализа,
- согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивен систем за електрична енергија во согласност со соодветните мрежни правила и/или согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивниот систем за природен гас во случаите кога како гориво се користи природениот гас,
- решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, односно решение со кое се одобрува елаборатот за животна средина, доколку во согласно со закон, за проектот е потребна студија или елаборат,

- извод од постојната планска документација, односно извод од државна урбанистичка планска документација или извод од локална урбанистичка планска документација,
- финансиска конструкција за планираниот објект,
- изјава од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на лицето да му овозможи кредитна линија за реализација на проектот, доколку за реализиција на проектот се предвидува користење на кредит,
- доказ за финансиската способност на барателот за обезбедување на сопственото учество во финансирањето на објектот,
- референци на барателот и можните партнери поврзани со реализацијата на проекти од овој вид,
- документи од регистрацијата на барателот,
- документи од надлежен орган дека барателот не е во постапка за стечај или ликвидација,
- документи од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност, и
- изјава од барателот за веродостојноста на податоците.

❖ До 10 MW не е потребно овластување за изградба на објект.

## 6. Изготвување на студии или елаборат за влијание врз животната средина

Потребно е да се добие Решение со кое се дава согласност на студијата за оцена на влијанието на проектот ( врз основа на студија, чл. 22 до чл. 50 од Закон за животна средина, Сл. Весник на РМ, бр. 51/11) како и позитивно мислење за елаборат за заштита на животната средина за добивање на Решение за одобрување на елаборатот (Правилник за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати, Сл. Весник на РМ, бр. 50/09).

Студијата за оценката на влијанието врз животната средина треба да ги исполнува следните барања:

- Да содржи опис на проектот заедно со информации за локацијата, карактерот и големината на проектот и на потребната земјишна површина;
- Да содржи опис на животната средина и на нејзините медиуми на локацијата;
- Да содржи опис на природното, културното и историското наследство и напределот;
- Да содржи опис на видот и количините очекувани емисии, особено на емисиите во воздухот и отпадните води, цврстиот отпад, како и други информации потребни за евалуација на поголемите влијанија на проектот врз животната средина;

- Да содржи опис на мерките за спречување, намалување и елиминирање на влијанието врз животната средина, како и на мерките за враќање во поранешната состојба;
- Да содржи опис на влијанијата на проектот врз животната средина имајќи го предвид нивото на развој на науката и прифатените методи за евалуација;
- Да содржи опис на карактеристиките на технологијата која се користи;
- Да содржи опис на алтернативните решенија за реализација на проектот што инвеститорот ги имал предвид и главните причини за избирање на предложената алтернатива; секогаш се вклучува и нултата алтернатива;
- Да содржи резиме на доставената студија без технички детали;
- Да содржи анализа на потешкотиите (технички недостатоци или недостиг на знаења) со кои инвеститорот или експертот биле соочени за време на подготовката на студијата; и
- Да содржи предлог за големината и карактеристиките на промената поради која е потребно да се ажурира студијата за оценката на влијанието врз животната средина.

Инвеститорот треба да достави барање за одобрување на елаборатот до надлежниот орган за одобрување на спроведувањето на проектот. Орган надлежен за одобрување на елаборатот е Управата за животна средина

орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје или градоначалникот на градот Скопје.

Барањето за одобрување на елаборатот, заедно со елаборатот, се доставува во три примерока во писмена форма и електронска форма.

Содржина на елаборатот:

1. Општи податоци;
2. Вид на елаборат;
3. Орган надлежен за одобрување на елаборатот за заштита на животнатата средина;
4. Опис на проектот во кој се врши дејноста или активноста;
5. Опис на животната средина околу локацијата на проектот;
6. Влијание на проектот врз животната средина;
7. Програма за заштита на животната средина;
8. Заклучок;
9. Попис на прилози;
10. Изјава.

*<u>Втора фаза</u>*

## 1. Одобрение за градба

Согласно членот 57 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр. 39/12), ветерните електрани со инсталиран капацитет од и над 1 MW припаѓаат во групата на градби од прва категорија. Во групата на градби од втора категорија припаѓаат ветерните електрани со инсталиран капацитет до 1 MW.

Барањето за издавање на одобрение на градба се доставува до соодветната институција, дадено согласно членот 58 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр. 39/12). Имено, одобрение за градба на објектите од 1 категорија издава надлежното министерство, односно Министерството за транспорт и врски, додека за објектите од 2 категорија, одобрението за градба го издава градоначалникот на општината или градоначалниците на општините на градот Скопје. Во прилог на барањето за одобрение за градба, барателот е должен да ги достави следните документи:

- извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна, односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,
- архитектонско-урбанистички проект заверен од надлежен орган, доколку со урбанистичкиот план или

државната, односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект,

- основен проект во три примероци со извештај за ревизија на основниот проект или писмен извештај со согласност за нострификација на основниот проект, доколку истиот е изработен во странство,
- доказ за право на градење, и
- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште.

Министерството за транспорт и врски по поднесеното барање прибавува согласност на Основниот проект за изградба на ветерна електрана издадена од Агенција за цивилно воздухопловство и согласност од Дирекција за заштита и спасување.

Надлежниот орган е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали истата е комплетна. Доколку документацијата е комплетна, надлежниот орган е должен да го завери основниот проект и да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште.

Одобрението за градење се издава во рок од пет работни дена од составување на доказ за платен надоместок за уредување на градежно земјиште.

Одобрение за градење може да се издаде и во некои случаи ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште како што е тоа опишано во чл. 59 став 12 од пречистениот текст на Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр. 39/2012).

*Трета фаза*

## 1. Времена лиценца

Инвеститорот може да побара да му се издаде лиценца и пред добивање на одобрение за употреба на енергетскиот објект, или пред добивање на извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба, или пред добивање на решение за ставање во употреба на енергетскиот објект, ако:

1) за енергетскиот објект, односно систем е издадено овластување за изградба во согласност законот за енергетика, или
2) е издадено одобрение за градење на објектот, во случај кога за изградбата на објектот не е потребно овластување за изградба на енергетски објект, или
3) инвеститорот се стекнал со право на градење на објектот врз основа на спроведена постапка по јавен повик за изградба на објекти за производство на електрична енергија, или
4) инвеститорот стекнал право на градење на објектот, односно системот врз основа на концесија за користење на природно добро, односно изградба на систем и вршење дејност.

Инвеститорот поднесува барање за издавање на времена лиценца до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Кон барањето треба да се приложи следната документација:

- изјава од производителите на главната опрема за вршење на соодветната енергетска 12 дејност заверена од нотар со која се потврдува дека главната опрема е монтирана во согласност со упатствата на производителите и соодветните технички прописи и стандарди за таков вид на опрема;
- изјава од инвеститорот заверена од нотар со која се потврдува дека опремата инсталирана во енергетскиот објект може да почне со испитување;
- изјава од инвеститорот заверена на нотар со која се потврдува дека за време на важноста на времената лиценца инвеститорот е целосно одговорен за сите евентуални проблеми кои можат да настанат кон операторите на соодветните енергетски системи и/или кон трети лица приклучени кон истите енергетски системи за време на испитувањето на енергетскиот објект за кој се издава времена лиценца; и
- договори со операторите на соодветните енергетски систем за времено приклучување на енергетскиот објект, како и за начинот на приклучок и работа за времетраење на времената лиценца.

Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето, да одлучи за издавање на времена лиценца за работа на енергетски објект што влегува во пробна работа. (чл. 40 од Закон за енергетика, Службен весник на Република Македонија, бр. 16/11).

Времената лиценца за енергетскиот објект се издава само еднаш и е со важност од најмногу девет месеци со можност за нејзино продолжување за најмногу шест месеци.

## 2. Одобрение за употреба на градба

Согласно Член 87 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр. 39/12), градбата ќе се стави во употреба, односно ќе биде употреблива градба, по издавање одобрение за употреба, односно по изготвување на завршниот извештај од страна на надзорниот инженер за градби. Одобрението за употреба го издава соодветен надлежен орган во зависност од категоризацијата на објектот, откако по техничкиот преглед ќе се утврди дека градбата е изградена во согласност со основниот проект и проект на изведена состојба.

Согласно Член 88 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр. 39/12), Одобрението за употреба се издава врз основа на предходно поднесено барање, при што во прилог треба да бидат доставени следните документи:

- основен проект, а доколку се извршени измени во текот на изградбата проект на изведена состојба,
- завршен извештај од надзорниот инженер дека градбата е изградена согласно со проектот и одобрението за градење,
- извадок од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права на градбата (имотен лист), заради утврдување на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето.

Надлежниот орган е должен по приемот на барањето за издавање на одобрение за употреба да изврши технички преглед на градбата согласно со Член 89 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр.39/12).

Надлежниот орган ќе издаде одобрение за употреба за градбата во рок од 15 дена од денот на извршениот технички преглед, ако комисијата која го извршила техничкиот преглед во запосникот констатира дека градбата може да се даде во употреба.

По издавањето на одобрение за употреба од надлежниот орган, изведувачот и инвеститорот вршат примопредавање на градежниот објект и за тоа составуваат записник за примопредавање на изведена градба како градежен објект, согласно Член 95 од Законот за градење (Сл. Весник на РМ, бр.39/12).

- Објектите кои што се градат од ОИЕ спаѓаат во втора и трета категорија, согласно Член 57 од Законот за градење.

## 3. Лиценца за вршење на енергетска дејност

Согласно Законот за енергетика, за вршењето на енергетска дејност производство на електрична енергија потребна е Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија чие издавање е во надлежност на Регулаторната комисија за енергетка на Република Македонија. Условите за издавање на лиценцата за производство на електрична енергија се утврдени со Правилник за лиценци за вршење на енергетски дејности (Сл. Весник на РМ, бр. 143/11 ) Правно и физичко лице може

да поднесе барање до Регулторна комисија за енергетика за добивање на детални информации во врска со начинот, постапката и потребната документација за добивање на лиценца за вршење на енергетската дејност.

Поднесеното барање треба да содржи :

- име на правното или физичкото лице и општи податоци на барателот
- име и презиме на одговорното лице
- енергетска дејност која се планира да се врши и
- краток опис на причини за поради кои се бара лиценца

Кон барањето треба да се приложи следната документација (чл. 13 и 16 од Правилник за лиценци за вршење на енергетски дејности, Сл. Весник на РМ, бр. 143/11):

- <u>решение за упис во Централниот регистар</u> на Република Македонија;
- <u>основачки акт и/или статут</u>;
- <u>доказ за правото на сопственост</u> или правото на користење на земјиштето, и основните средства со кои ја врши дејноста, при што времетраењето на правото на користење да не биде пократко од три години од денот на поднесување на барањето за издавање на лиценца;
- <u>договор за концесија ако дејноста се врши со користење на природно богатство</u> или договор за концесија за јавна услуга, односно доказ за правото за користење на природното богатство во согласност со закон;
- <u>организациона структура на барателот</u> и податоци со број на извршители во пооделни сектори, како и податоци за бројот, образованието и стручната оспособеност на лицата кои што раководат со

енергетскиот објект и непосредно ракуваат со енергетските уреди и постројки со кои се врши дејноста;

- проект (основен или изведбен), одобрение за градење, извештај за извршен технички преглед и документ за ставање во употреба согласно закон и/или овластување за изградба на енергетски објект издадено од соодветен орган согласно закон;
- ако барателот во вршењето на енергетската дејност има обврска за обезбедување на јавна услуга, опис на подрачјето каде што ќе се врши дејноста со вклучени релјефни, демографски, економски, инфраструктурни и други показатели, вклучувајќи задолжително географски односно топографски карти и копија од катастарскиот план;
- изјава од барателот за сопственичката структура на капиталот на друштвото со податоци и детален опис за учество на барателот во други трговски друштва и учество на други трговски друштва во друштвото на барателот;
- потврда за бонитет на барателот издадена од надлежен орган;
- уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон;
- финансиски извештаи изготвени согласно со важечката законска регулатива за последните три години, со извештаи од овластен ревизор за извршената ревизија ако обврската за ревизија е утврдена со закон;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација;

- потврда/уверение дека против Барателот и лицето/лицата овластено за застапување запишано во Централниот регистар на Република Македонија:

  а) не е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност и должност

  б) не е осуден за сторено кривично дело

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија е должна во рок од 8 работни дена од добивање на барањето да укаже на недостатоците. Доколку Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија утврди дека барањето има формални недостатоци ќе донесе заклучок со кој ќе определи рок кој не може да биде подолг од 15 дена за отстранување на недостатоците.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија доколку утврди дека барањето нема формални недостатоци донесува заклучок со кој барателот го задолжува во рок од 3 работни дена да подготви:

- Известување за барањето кое што треба да биде објавено и
- Да го достави Известувањето за барањето до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија заради одобрување.

Барателот е должен во рок од 5 дена од денот на добивање на одобрување за Известувањето за барањето да го објави, на свој трошок, во најмалку два дневни весници од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на

македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Известувањето за барањето се објавува и на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика. Барателот е должен да достави доказ до Регулаторната комисија за енергетика дека Известувањето за барањето е објавено во дневниот печат.

Регулаторната комисија за енергетика во врска со поднесеното барање за издавање на лиценца ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок кој не може да биде подолг од 50 дена од денот на отпочнување на постапката. Доколку од доставената документација, како и заклучоците од расправата на подготвителната седница, се утврди дека се исполнети условите за издавање на лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика во рок кој не може да биде подолг од 10 дена од денот на завршувањето на подготвителната седница, ќе одржи редовна седница на која ќе донесе одлука за издавање на лиценца која  се објавува во Службен весник на Република Македонија.

На барателот задолжително му се издава уверение за издадената лиценца во форма и содржина определена согласно член 35 од Правилникот за вршење на енергетски дејности.

*Четврта фаза*

1. **Привремено решение за стекнување на статус за повластен производител**

Со статус на ППЕЕ, електроцентрала може да се стекне доколку производителот:

- производува електрична енергија од обновливи извори на енергија
- производната постројка ги задоволува барањата поставени со Одлуката за висина на инсталирана моќност содржана во Поглавјето 2
- збирот на инсталираната моќност на електроцентралата и вкупната инсталирана моќност на електроцентралите од ист тип што до тој момент се заведени во регистарот на повластени производители да не ја надминува вкупната инсталирана моќност на повластени производители од тој тип, предвидена во одлуката на Владата на Република Македонија.

Покрај овие услови за стекнување на статус ППЕЕ е потребно да биде исполнет и еден одследните услови:
- има добиено овластување за изградба на енергетски објекти во согласност со овој закон,или
- има обезбедено одобрение за градење за енергетските објекти за кои не е потребно овластување, или
- има склучено договор за концесија за користење на природно добро за производството на електрична енергија, или

– правото на изградба на енергетски објект е стекнато во постапка со јавен повик, во согласност со овој закон.

Согласно наведениот правилник, постапката за стекнување на статус на ППЕЕ започнува со поднесено барање од производителот за стекнување на привремен статус наППЕЕ. Во прилог на барањето треба да бидат доставени документите пропишани во Правилникот за повластени производители и тоа:

– решение за упис во трговски регистар;
– основен проект за електрична централа согласно Законот за градење
– копија од лиценцата за вршење на дејноста производство на електрична енергија;
– доказ дека збирот на инсталираната моќност на електроцентралата и вкупнатаинсталирана моќност на електроцентралите од ист тип што до тој момент се заведени во регистарот на повластени производители да не ја надминува вкупната инсталирана моќност на повластени производители од тој тип, предвидена во одлуката на Владата на Република Македонија;
– изјава за веродостојност на барањето и дадените податоци

Доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето има недостатоци, односно не е доставена потребната документација и/или документите не се доставени на начин пропишан со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето ќе донесе заклучок со кој се утврдува дека барањето е некомплетно.

Доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека документацијата е комплетна и нема недостатоци ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок кој не може да биде подолг од 25 (дваесет и пет) дена од денот на приемот на барањето од член 4 на Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновлив извор на енергија. Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на завршувањето на подготвителната седница, ќе одржи редовна седница на која ќе донесе привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Со денот на влегување во сила на привременото решение Регулаторната комисија за енергетика го впишува носителот на привременото решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители.

## 2. Решение за упис во Регистарот на електроцентрали кои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија

Решението за упис во Регистарот на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија, го издава Агенцијата за енергетика на Република Македонија. Образецот на барањето може да се превземе од Правилникот за обновливи извори на енергија (Сл. Весник на РМ, бр. 113/11) или од интернет страната на Агенцијата за енергетика на Република Македонија. Кон барањето

треба да се приложи следната документација, согласно член 8 и 9 од Правилникот за обновливи извори на енергија, (Сл. Весник на РМ, бр. 113/11):

1) Одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед на надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба и документ од операторот на преносниот или дистрибутивниот систем со кој се потврдува дека енергетскиот објект е поврзан на соодветниот систем,
2) Топографска карта со размер 1:25 000 во која е вцртана локацијата на производната постројка и
3) Ситуација на производната постројка и шематски приказ на основната опрема.

4) Кон барањето од став (1) од членот 8 од Правилникот за обновливи извори на енергија, производителот може да приложи и лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија;

Ако се утврди дека барањето од член 8 од Правилникот за обновливи извори на енергија не е целосно, Агенцијата ќе го извести подносителот и ќе побара од него да ја комплетира потребната документација во рок не покус од 30 дена од денот на доставување на известувањето. Доколку подносителот не ја комплетира потребната документација во определениот рок, Агенцијата ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето како нецелосно.

Доколку врз основа на барањето и поднесената документација кон барањето за упис во Регистарот на електроцентрали се утврди дека нема пречки за упис во

регистарот, Агенцијата во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето, односно комплетирање на барањето од член 8 од Правилникот за обновливи извори на енергија, ќе донесе решение за упис во Регистарот на електроцентрали и електроцентралата ќе ја запише во Регистарот.

По приемот на целосно барање, односно комплетирањето на документацијата за упис во Регистарот на електроцентрали, Агенцијата може да изврши преглед на електроцентралата за која се бара упис, во рок кој што не може да биде подолг од 15 дена.

Агенцијата во рок не подолг од три работни дена по запишувањето на електроцентралата во Регситарот на електроцентрали, на производителот му го доставува решението кое ги содржи податоците од регистарскиот лист.

При уписот во Регистарот на постројките на производителот му се доделува регистарски реден број. Еднаш доделениот регистарски реден број не се менува, ниту пак по бришењето на производителот од Регистарот на електроцентрали редниот број може да му се додели на друг субјект.

## 3. Решение за стекнување на статус на повластен производител и постапка за донесување на одлука за користење на повластена тарифа

Носителот на привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија

произведена од обновливи извори на енергија, за да се стекне со статус на повластен производител и да користи повластена тарифа, до Регулаторната комисија за енергетика треба да достави барање за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и истовремено да достави барање за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија. Ветерна електроцентрала може да се стекне со статус на повластен производител ако нејзината инсталирана моќност е помала или еднаква на 50 MW согласно Член 8 од Уредба за повластени тарифи за електрична енергија (Сл. Весник на РМ, бр. 176/11). Вкупниот инсталиран капацитет на ветерните електроцентрали за кои ќе се применуваат повластените тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена од ветерна енергија се утврдува да изнесува до 150 MW. Ветерната електрана треба да биде пуштена во употреба во рокот утврден со привременото решение и барателот да поседува лиценца за вршење на енергетска дејност за производство на електрична енергија за ветерната електрана за која се бара статус на повластен производител.

Кон барањето треба да се приложи следнава документација (Правилник за повластени производители на електрична енергија од обновлив извор на енергија, Сл. Весник на РМ, бр. 16/11 и 136/11):

– проект за изведена состојба согласно Законот за градење, доколку се извршени измени во текот на изградбата;

- решение за упис во Регистарот на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија, издадено од Агенцијата за енергетика на Република Македонија, согласно Правилникот за обновливи извори на енергија;
- изјава за веродостојност на барањето и дадените податоци, потпишана од лицето овластено за застапување на барателот, запишано во Централниот регистар на Република Македонија, од Прилог 4 кој што е составен дел на Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето, ќе побара потврда од Агенцијата за енергетика на Република Македонија дека електроцентралата е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредба за повластени тарифи за електрична енергија и со одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители за секој одделен обновлив извор на енергија, што биле на сила на денот на издавање на привременото решение за повластен производител.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија е должна да ја издаде потврдата во рок не подолг од 15 (петнаесет) дена од денот на поднесување на барањето на Регулаторната комисија за енергетика.

Доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањато има недостатоци, односно не е доставена потребната документација и/или документите не се доставени на начин пропишан со Правилникот за повластени производители на електрична енергија од

обновлив извор на енергија и/или потврдата издадена од Агенцијата за енергетика на Република Македонија е негативна, Регулаторната комисија за енергетика во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на барањата ќе донесе заклучоци со кој се утврдува дека барањата се некомплетни.

Доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето и документацијата се комплетни и немаат недостатоци, и издадената потврда од Агенцијата за енергетика на Република Македонија е позитивна, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на барањата ќе донесе заклучоци за уредност на барањата и продолжување на постапките во согласност со одредбите од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновлив извор на енергија.

Регулаторната комисија за енергетика, во врска со поднесеното барање ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок кој не може да биде подолг од 35 (триесет и пет) дена од денот на приемот на барањето.

Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на завршувањето на подготвителната седница, ќе одржи редовна седница на која ќе донесе решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Решението и одлуката се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб-страната на Регулаторната комисија за енергетика

*Петта фаза*

1. **Склучување на договор со операторот на пазарот на електрична енергија** Согласно чл. 153 (Закон за енергетика Сл. Весник на РМ, бр. 16/11) електричната енергија произведена од повластени производители на електрична енергија (ППЕЕ) ќе биде откупена од страна на Операторот на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ). Согласно Правилата за пазар на електрична енергија (Сл. Весник на РМ, бр. 57/12), ППЕЕ е должен во рок од 5 дена од денот на стапување на сила на решението за повластен производител издадено од РКЕ да достави барање до ОПЕЕ за склучување на договор за откуп на електрична енергија. ОПЕЕ е должен, во рок не подолг од 30 дена од поднесување на барањето, да склучи договор за откуп на електрична енергија со важност од денот на влегувањето во сила на Решението за повластен производител издадено од РКЕ.

2. **Остварување на право на стимулативни мерки** Инвеститорот може да користи една од наведените стимулативни мерки или опцијата електричната енергија да ја продава на слободен пазар.

3. **Обезбедување на гаранции за потекло на електрична енергија од обновливи извори** Агенцијата за енергетика на РМ донесува Решение за гаранција за потекло врз основа на поднесено барање од произведителот на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Доколку нема пречки, Агенцијата за енергетика во рок од 30 дена од поднесување на барањето ќе издаде гаранција за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.